**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.6.2018 година**

**Скопје, јуни 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 18.6.2018 година**

Седницата започна во 9:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор како и Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваше и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Пред преминување на Дневен ред

1. Предлог-закон за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, по скратена постапка

2. Информација за потребата од давање на користење на недвижни ствари - објекти и земјиште на Министерството за образование и наука (Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје), со Предлог-одлука

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*　　*

**Пред преминување на Дневен ред**

На предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, Владата заклучи Секретаријатот за европски прашања да ја дополни Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија - ревизија 2017-2019 година, со Предлог-законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните.

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на

Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го утврди како Предлог- закон за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, по скратена постапка, со следните заклучоци:
1. Да се преоцени преводот на член 20, точка 4 од Спогодбата согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог–законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, по скратена постапка, да се достави до Собранието, согласно член 170 и 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници д-р Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Наташа Дескоска, директорка во Министерството за надворешни работи, Горан Стевчевски, директор во Министерството за надворешни работи и Игор Џундев, директор во Министерството за надворешни работи.

## <u>Точка 2</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање на користење на недвижни ствари - објекти и земјиште на Министерството за образование и наука (Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје), со Предлог-одлука и согласно предлог заклучоците изнесени во расправата на седницата, ја усвои коригираната Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана, во рок од 15 дена да ги преземе потребните мерки да наведените објекти кои се наоѓаат на улица „Стари водовод“ во Скопје, на КП 1568/2, КО Чаир, запишани во Имотен лист бр. 92499 од Касарната Илинден бидат изземени како активни воени објекти.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, по изземање на овие објекти во рок од седум дена до Владата да достави Предлог-одлука за престанок и за давање на користење на објект на Министерството за образование и наука (Универзитетот „Мајка Тереза“).

3. Се задолжува Министерството за одбрана, да го измени планот за јавни набавки и да пристапи кон реновирање на дел од објектите од Касарната Илинден каде што ќе се премести активниот воен персонал по изземање на овие објекти од Министерството за одбрана.

4. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, во рок од 15 дена до Владата да достави предлог за пренесување на изборниот материјал од Државната изборна комисија и негово соодветно чување.

5. Се задолжува Министерството за финансии при следното буџетирање да ги реалоцира дел од средствата наменети за Универзитетот „Мајка Тереза“ во Министерството за одбрана за реализација на соодветната намена (реновирање на објекти во Министерството за одбрана)

**Точка 3**

Владата го разреши Слободанчо Ристески од должноста директор на КПУ Затвор Прилеп.

**Точка 4**

По овaa точка немаше прашања ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 9:55 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |